# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

**кон Измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Битола за 2021 година**

## ЗАКОНСКИ ОСНОВИ

Согласно Законот за изменување на Законот за Финансирање на единиците на локалната самоуправа објавена во "Службен весник на СРМ" бр. 77/2021 во член 22 став 1 утврдено е дека сопствените приходи на основниот буџет на општината може да се планираат со пораст од најмногу 50% од просечно остварените приходи во последните три години,според податоците од трезорската евиденција. Споменатата одредба од овај закон ќе се применува во период од 1-ви јануари 2021 година до 31 декември 2021 година.Со овие измени и дополнувања на Буџетот на Општина Битола за 2021 година се корегираат и констатираните забелешки од страна на Министерството за финансии- Сектор Буџет и фондови. Исто така, со овие измени и дополнувања на Буџетот на општина Битола за 2021 година, Општина Битола со Одлука на Совет број 09-71/5 од 07.06.2021 година и дадена Согласност од Владата на РСМ број 40-6334/1 од 08.06.2021 година, вишокот на средства од наменската и блок дотација од програмата Н2- Средно образование во висина од 21.000.000,00 денари ги префла во Буџетот на Општина Битола и средствата ќе се користат за финансирање на тековно- оперативните расходи во програмата Н1- Основно образование.

Согласно на тоа Министерството за Финансии не извести дека максималниот износ на сопствените приходи на основен буџет за Општина Битола за 2021 година ќе изнесува 695.756.292,00 денари или се јавува разлика од претходно утврдените сопствени приходи во износ од 92.767.506,00 денари.На овај износ се додаваат и средствата од пренесениот вишок на приходи ( каде се додаваат 21.000.000,00 средства кои ќе се трансферираат од сметката за наменски и блок дотации ),средствата обезбедени со документ дека ќе се врши трансфер на средства од државна институција и средствата кои општината ќе ги добие како приходи од ДДВ за 2021 година така висината на вкупниот износ во основниот буџет на Општина Битола ќе изнесува 1.189.265.498,00 денари.

## ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ
## ПРИХОДИ НА ОПШТИНА БИТОЛА

Планирани извори на приходи со измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Битола за 2021 година од кои ќе се финансираат расходите на Општина Битола во Буџетот за 2021 година се од :

1. ***Даночни приходи***
2. ***Неданочни приходи***
3. ***Капитални приходи***
4. ***Трансфери и донации***

Приходите на Буџетот на општината за 2021 година се планирани согласно законските рамки и досегашниот тренд на наплата од изворните приходи и дотациите од Буџетот на Република Северна Македонија и со Буџетот за 2021 година се планираат износи кои се дадени во табелата:

| | Буџет | Ребаланс |
|---|---|---|
| Даночни приходи | 420.313.462,00 | **457.226.125,00** |
| Неданочни приходи | 143.902.392,00 | **144.044.392,00** |
| Капитални приходи | 145.995.378,00 | **201.850.221,00** |
| Трансфери и донации | 1.615.002.153,00 | **1.619.702.940,00** |
| **Вкупно**: | **2.325.213.385,00** | **2.422.823.678,00** |

Од табеларниот приказ се заклучува дека со измените и дополнувањата во основниот буџет се зголемени приходите во ставките 717137- Надомест за уредување на градежно земјиште за 40.000.000,00 денари,733111- Приходи од продажба на неизградено градежно земјиште за 40.000.000,00 денари и 733144- Надомест за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти за 15.854.843,00 денари, заради очекувани дополнителни приходи по овие основи.Единствено е намалена ставката 718138 -Надомест за производство на фосилни горива за 3.087.337,00 денари врз основа на Одлуката за распределба на средства по основ на надоместок за производство на енергија од фосилни горива како наменски дотации на општините за 2019 година објавена во Службен весник број 73 од 2- ри април 2021 година. Во приходниот дел во ставката 741114- Пренесен вишок на приходи од минатата година се вкалкулираат и средствата од 21.000.000,00 денари од трансферот од сметката за наменската и блок дотација.

Приходите од Самофинансирачки активности се зголемуваат за незначителни средства по барање на корисниците во висина од 142.000,00 денари.

Приходите од Дотации со измените и дополнувањата во приходниот дел се намалуваат за износот од 21.000.000,00 денари заради трансферот на средства во буџетот на Општина Битола и ќе изнесуваат 959.727.247,00 денари.

Приходите од Донации се зголемуваат за 4.700.787,00 денари, за донаторски сметки кај буџетските корисници и општината.

И со измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Битола за 2021 година најголемо учество во вкупните приходи со 66,85 % имаат приходите остварени од трансфери и донации, 18,87 % отпаѓаат на даночни приходи, додека останатите 5,95% се приходи од неданочни приходи и 8,33 % од капитални приходи.

## ПЛАНИРАНИ БУЏЕТСКИ РАСХОДИ НА ОПШТИНА БИТОЛА

Вкупните планирани расходи на Општина Битола за 2021 година со измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Битола за 2021 година ќе изнесуваат **2.422.823.678,00** денари и со тоа се запазува буџетското правило на балансирани приходи и расходи. Истите се утврдени по одредени намени и видови согласно економската класификација.Вкупните расходи се зголемуваат за 97.610.293,00 денари.

| | | Буџет | Ребаланс |
|---|---|---|---|
| **40** | Плати, наемнини и надоместоци за вработените | 866.650.227,00 | **866.650.227,00** |
| **41** | Резерви и недефинирани расходи | 1.700.000,00 | **1.700.000,00** |
| **42** | Стоки и услуги | 464.225.406,00 | **478.560.385,00** |
| **45** | Каматни плаќања | 200.000,00 | **200.000,00** |
| **46** | Субвенции и трансфери | 101.444.443,00 | **117.210.553,00** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **47** | Социјални бенифиции | 5.350.000,00 | **6.350.000,00** |
| **48** | Капитални расходи | 869.643.309,00 | **936.152.513,00** |
| **49** | Отплата на главница | 16.000.000,00 | **16.000.000,00** |
| | **Вкупно:** | 2.325.213.385,00 | **2.422.823.678,00** |

Измените во расходниот дел се направени врз основа на измените на Програмите на Одделението за комунални дејности, локален економски развој, Одделението за урбанистички планови и заштита на животната средина, Секторот за јавни дејности Секторот за нормативно-правни работи, Одделението за имот и имотно правни односи .

Најголемо е учеството на капиталните расходи е со 38,64% со што ќе се иницира изградбата на нова инфраструктура и ќе се подобрат јавните услуги.

Во делот на расходите за стоки и услуги на кои отпаѓаат 19,75% покрај обезбедувањето на редовното функционирање на општината се содржани и расходите за финансирање на комуналните услуги и тековното одржување на основното образование и детската заштита, старскиот дом и зоолошката градина Платите и надоместоците на вработените во општинската администрација и локалните јавни установи учествуваат со 35,77%.Субвенциите и трансферите во најголем дел ги опфаќаат трансферите до невладините организации,спортските клубови, ќе учествуваат со 4,84%.Социјалните бенефиции ќе учествуваат со 0,26% и резервите и недефинираните расходи со 0,07%, каматните плаќања со 0,01% и отплата на главница со 0,66%.

## ТЕКОВНО- ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ

Во рамките на тековно - оперативните расходи доминираат расходите за стоки и услуги 32,19 % и плати и надоместоци 58,29 % со што се обезбедува редовна основна функција на општината и локалните јавни установи, и субвенции и трансфери 7,88%.Тековно – оперативните расходи се зголемуваат за 31.101.089,00 денари.

| | | Буџет | **Ребаланс** |
|---|---|---|---|
| **40** | Плати, наемнини и надоместоци за вработените | 866.650.227,00 | **866.650.227,00** |
| **41** | Резерви и недефинирани расходи | 1.700.000,00 | **1.700.000,00** |
| **42** | Стоки и услуги | 464.225.406,00 | **478.560.385,00** |
| **45** | Каматни плаќања | 200.000,00 | **200.000,00** |
| **46** | Субвенции и трансфери | 101.444.443,00 | **117.210.553,00** |
| **47** | Социјални бенифиции | 5.350.000,00 | **6.350.000,00** |
| **49** | Отплата на главница | 16.000.000,00 | **16.000.000,00** |
| | **Вкупно** | 1.455.570.076,00 | **1.486.671.165,00** |

## КАПИТАЛНИ РАСХОДИ

Капиталните расходи во најголем дел се однесуваат на изготвување на проекти, изградба на улици и патишта,водовод, канализација во урбаниот дел на општината, како и во руралниот дел на општината.Во капиталните расходи се планирани и средства за купување на мебел, опрема возила и машини.Учеството на капиталните расходите изнесува 38,64%.Капиталните расходи се зголемуваат за 66.509.204,00 денари со измените и дополнувањата на буџетот на Општина Битола за 2021 година.

| | | Буџет | **Ребаланс** |
|---|---|---|---|
| **480** | Купување на опрема и машини | 50.578.290,00 | **84.827.622,00** |
| **481** | Градежни објекти | 100.000,00 | **100.000,00** |
| **482** | Други градежни објекти | 778.124.017,00 | **804.033.089,00** |
| **483** | Купување на мебел | 8.135.050,00 | **10.795.550,00** |
| **485** | Вложувања и нефинансиски средства | 7.831.700,00 | **11.831.700,00** |
| **486** | Купување на возила | 24.874.252,00 | **24.564.552,00** |
| | **Вкупно:** | 869.643.309,00 | **936.152.513,00** |

# ФИНАНСИРАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ПО ПРИОРИТЕТИ УТВРДЕНИ ВО ПРОГРАМИТЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА БИТОЛА

### *АО-СОВЕТ НА ОПШТИНА*

Со предложените измени и дополнувањата во Основниот буџет на Општина Битола во програмата А0- Совет на Општина Битола планираниот износ од **21.711.670,00 денари** се менува и гласи **25.111.670,00 денари.** Зголемувањето во најголем дел во оваа програма се однесува на зголемување на ставката 464990-Други трансфери за 3.150.000,00 денари по Одлука на Совет на Општина Битола за донација кон НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј- Битола за реализација на проектот за презентирање на откриени археолошки наоди на локацијата пред Јени Џамија 2.500.000,00 денари и 650.000,00 денари донација за СЈУ Рајдер -герентолошки завод - Скопје и зголемување на ставката 471110-Социјални надоместоци од 5.000.000,00 денари на 6.000.000,00 денари, и префрлање ставката 485640- Акции и друг капитал од 750.000,00 денари во капитална програма ЕА.

### *А1-ИЗБОРНИ АКТИВНОСТИ И РЕФЕРЕНДУМИ*

Во оваа програма планираните тековно-оперативните расходи кои се неопходни за организирање и спроведување на избори и референдуми на локално ниво, остануваат на исто ниво во висина од **6.500.000,00 денари**.

### *Д0- ГРАДОНАЧАЛНИК*

Работата на Градоначалникот на Општина Битола која се финансираше во износ од **6.579.600,00 денари** останува на исто ниво.

***Д1- МЕСНА САМОУПРАВА***

Средствата кои се предвидени во оваа програма се наменети за тековно одржување на месните заедници останувaат на предвиденото ниво во висина од **1.700.000,00 денари**.

***Е0-ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА***

Со предложените измени во програмата Е0- Општинска администрација планираниот износ од **156.691.000,00 денари се менува и гласи 160.481.000,00 денари.**

Зголемувањето е во износ од 3.790.000,00 денари,а се однесува на измени во ставките горива и масла, регистрација на возила, осигурување на моторни возила, заради новонабавените возила во општината и ставката плаќања по судски решенија за 3.000.000,00 денари заради нерешени судски спорови.

***ЕА- КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ НА ОПШТИНАТА***

Со измените и дополнувањата,средствата во оваа програма се зголемуваат за **24.750.000,00 денари** или од планираните **24.390.000,00 денари износот се менува и гласи 49.140.000,00 денари.** Зголемувањето се однесува на купување на опрема за Стадионот под Тумбе-кафе во износ од 22.000.000,00 денари и префрлената ставка 485640- Акции и друг капитал за 750.000,00 денари, зголемена за 2.000.000,00 денари.

Во колона Донации во оваа програма планирани се средствата од Форумот на заедниците во износ од **2.700.000,00 денари,** за опремување со опрема и играчки на 4 детски паркови (2 во основни училишта и 2 во градинки) и за набавка на возило со пристапна рампа за лица со попреченост.Од проектот Реконструкција на постоечко игралиште во населба Баир од остатокот на средствата **20.000,00 денари** се наменети за купување на таблети за ромските деца.Вкупните средства од 2.720.000,00 денари се зголемуваат на 3.458.000,00 денари или за 738.000,00 денари за купување на информатичка опрема од проектот Смарт-кул-тур.

***Ф1- УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ***

Во буџетот на Општина Битола планираните средства во делот на урбанистичкото планирање и уредување на просторот во износ од **5.800.000,00 денари,** со измените и дополнувањата во Буџетот на општината остануваат на исто ниво.

***Г1-ПОДРШКА НА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ***

Расходите од оваа потпрограма се наменети за партиципација на општината во проекти , партиципација на општината во центарот за рамномерен регионален развој за тековно работење подршка на проекти кофинансирање на општината и подршка на други проекти. Вкупниот износ од **12.712.765,00 денари, се менува и гласи 21.718.381,00 денари** со предложените измени и дополнувања на Буџетот на општината за 2021 година**. Зголемувањето е за 9.005.616,00 денари** во најголем дел е кај учеството на општината како авансно плаќање во проектите Бенефит и Интеграција на зелен транспорт и други проекти во висина од 7.291.536,00 денари и остатокот за зголемување на договорните услуги за ангажирање на лица за јавни работи преку ЈП Комуналец – Битола.

Во колона Донации испланираните средства за реализација на проектите: Креирање на можности за работа за сите, ОКР СРЦ 19, Стартап, Европа на врата, Ромска здружена акција и колоната донации се зголемува за тековно-оперативните расходи од проектот Бенефит, за износ од 5.141.009,00 денари.

***Г2-ПОТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ***

Со измените предложени во Буџетот на општината за 2021 година средствата наменети во оваа програма во износ од **684.800,00 денари остануваат исти.**
**Во колоната Донации** планирани се средства за реализација на проектот Смарт -кул-тур во износ од **13.687.026,00 денари,** намалени за капиталните расходи во висина од 738.000,00 денари кои се префрлени во капитална програма ЕА.

***ГД-ПРОЕКТИ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ***

Со измените и дополнувањата , програмата за проекти за енергетска ефикасност се зголемува за **2.154.000,00 денари**.
За подготвување на проекти и реконструкција на капацитети во енергетиката планираните средства од 476.700,00 денари се зголемуваат на 1.130.700,00 денари, исто така се зголемуваат и средствата за реконструкција на капацитети во енергетиката за 1.500.000,00 денари.
Во колоната Донации во оваа програма планирани се средства за реализација на проектот Бенефит-капитални расходи кој има за цел да овозможи енергетска ефиксност во спортската сала Младост со купување на опрема за енергетска ефикасност и реконструкција на кровот на спортската сала. Планирани се средства се од категоријата капитални расходи и изнесуваат **19.167.455,00 денари.**

***Ј3- ЈАВНО ОСВЕТЛЕНИЕ***

За јавното осветление во општина Битола, планираните средства во висина од **63.400.000,00 денари се зголемуваат на 75.400.000,00 денари.** Зголемувањето е во износ од **12.000.000,00 денари** се однесува на поправка и одржување на улично осветление и замената на сијалиците.

***Ј4- ЈАВНА ЧИСТОТА***

Во оваа програма се планираат тековно – оперативните расходи поврзани со одржување на јавната чистота во општината, односно собирање и транспортирање на комунален отпад и одржување на местата за селективно собирање на отпад од страна на ЈП Комуналец - Битола.
Програмата е планирана да се реализира со средства во висина од **18.000.000,00 денари** со измените и дополнувањата останува на исто ниво.

***Ј6- ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА,УЛИЦИ,И РЕГУЛИРАЊЕ НА РЕЖИМ НА СООБРАЌАЈ***

Програмата за одржување и заштита на локалните улици и патишта и регулирање на режимот на сообраќај со измените и дополнувањата на Буџетот на општина Битола за 2021 година останува иста **20.449.441,00 денари.**

***Ј7- ОДРЖУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО***

Во оваа програма се планираат тековно – оперативните расходи поврзани со одржување на постојните паркови и обновување на зеленилото во општината од страна на ЈП Комуналец- Битола.

Програмата се планира да се финансира со измените и дополнувањата на буџетот на Општина Битола со средства во висина од **21.000.000,00 денари** или со зголемување од **1.000.000,00 денари.**

***Ј8- ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ***

Планираните средства за дезинфекција, деритизација, дезинсекција во износ од **2.000.000,00 денари** останувaат на исто ниво.

***ЈА- ИЗГРАДБА НА ЈАВНО ОСВЕТЛЕНИЕ***

Во оваа програма се планираат капиталните расходи кои се поврзани со набавка, реконструкција и поставување на нови системи за јавно осветлување.
Програмата се планира да се реализира со средства во висина од **21.286.814,00 денари или за 587.118,00 денари** повеќе од претходно утврдениот износ за изградба и реконструкција на капацитети во енергетиката.

***ЈД- ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ УЛИЦИ И ПАТИШТА***

Во оваа програма се планираат капиталните расходи кои се поврзани со изградба и реконструкција на локални патишта и улици,подготвување на проекти за улици и патишта како и надомест за одземен имот.
Програмата се планира да се реализира со средства во висина од **228.540.031,00 денари,** со зголемување од **40.840.665,00 денари** со измените и дополнувањата на буџетот за 2021 година.

Во колоната Донации планирани се средства за реализација на капиталните расходи за проектот Смарт кул тур-капитални расходи и Баир – Здружена акција за вклучување на роми во износ од **15.736.572,00 денари.**

***ЈФ- ИЗГРАДБА НА СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА***

Во оваа програма се планираат капиталните расходи кои се поврзани со поставување и заменување на сообраќајните знаци и заштитна опрема на локалните патишта и улици, односно подигање на вертикална и хоризонтална сигнализација.

Програмата ќе се реализира со средства во висина од **5.650.000,00 денари** на исто ниво како претходно утврдениот износ .

***ЈГ- ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ***

Во оваа програма се планираат капиталните расходи кои се поврзани со изградба, реконструкција и доградба на водоснабдителниот систем на територијата на општината и набавка на потребната опрема, подготвување на проекти за капацитети за водоснабдување.
Програмата се планира да се реализира со средства во висина од **18.255.942,00 денари** со измените и дополнувањата на буџетот за 2021 година за 3.833.531,00 денари повеќе од претходно утврдениот износ
Од проектот Реконструкција на постоечко игралиште во населба Баир од остатокот на средствата **48.153,00 денари** се наменети за купување на чешма во населба Баир – УЗ Димитар Влахов.

## *ЈИ- ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ОДВЕДУВАЊЕ И ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ*

Во оваа програма се планираат капиталните расходи кои се поврзани со изградба, реконструкција и доградба на канализациониот систем (атмосферска и фекална канализација) на територијата на општината и набавка на потребната опрема,подготвување на проекти и др.

Програмата се планира да се реализира со средства во висина од **53.614.056,00 денари** со измените и дополнувањата на буџетот за 2021 година за 11.761.898,00 денари повеќе од претходно утврдениот износ.

Од проектот Реконструкција на постоечко игралиште во населба Баир од остатокот на средствата **68.450,00 денари** се наменети за поставување на фекална канализација во населба Баир – УЗ Димитар Влахов.

## *ЈЛ- ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ)*

Во оваа програма се планираат капиталните расходи за други комунални услуги како изградба и реконструкција на други објекти и подготвување на проекти за други објекти.
Програмата се планира да се реализира со средства во висина од **81.445.168,00 денари** со измените и дополнувањата на буџетот за 2021 година или зголемена за 12.495.152,00 денари, во овие средства се испланирани средствата во висина од **3.800.000,00 денари** за реконструкција и адаптација на 38 дуќани во битолската чаршија.Во делот на донациите испланирани се 138.717,00 денари за надзор над изградбата во проектот Баир -здружена акција за вклучување на роми.

## *К3-МУЗЕЈСКА И КИНОТЕЧНА ДЕЈНОСТ*

Кај буџетскиот корисник од програмата К3- Музејска и кинотечна дејност-Зоолошка градина со измените и дополнувањата на буџетот на општината измени нема во сметките за Дотации и основниот буџет, незначителна измена има во делот на Самофинансирачките активности или намалување од 306.000,00 денари.

## *К4-КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО*

Програмата за реализација на културните настани во 2021 година останува на исто ниво и се планира да се реализира со средства во висина од **12.000.000,00 денари**.

Во делот на колоната Донации се префлаат средствата за тековно-оперативни расходи од проектите Кино култура и проект Зголемена туристичка понуда на Пелагонискиот регион преку реставрирање и адаптирање на Офицерски дом заедно со партерно уредување во висина од **6.929.753,00 денари** од програмата КА-Културни манифестации (капитални трошоци).

## *КА-КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО (Капитални трошоци)*

Во колоната буџет на општина Битола планирани се средства за опремување на Офицерски дом Битола во износ од **6.000.000,00 денари.**

Во колоната Донации се планираат средства за дореализација на проектот Кино Култура и проект Зголемена туристичка понуда на Пелагонискиот регион преку реставрирање и адаптирање на Офицерски дом заедно со партерно уредување во висина од **9.853.668,00 денари**, за капиталните расходи за овие проекти.

Во колоната Самофинансирачки активности се префрлаат капиталните расходи од програмата К3- Музејска и кинотечна дејност во висина од **306.000,00 денари.**

***ЛО-СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА***

Во оваа програма се планираат тековно – оперативните расходи поврзани со организирање на спортски активности манифестации, поддржување на натпревари на општинско ниво, поддршка на училишниот спорт, поддршка на масовни спортско рекреативни активности на граѓаните и друго.

Со измените и дополнувањата на буџетот на општината, програмата се планира да се реализира со средства во висина од **34.227.246,00 денари** или за 4.227.246,00 денари повеќе од утврдената сума со буџетот на опшптината за 2021 година.

***Н1-ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ***

Во оваа програма се планираат расходи поврзани со работењето на основните училишта и тоа: плати и надоместоци на вработените во основните училишта, набавка на канцелариски и друг материјали, трошоци за телефон, интернет, поштенски услуги, електрична енергија, греење, вода, подигање на смет, тековни поправки и одржување на згради, канцелариска опрема и возила во сопственост на основните училишта и други расходи.

Во колона Буџет во програмата Н1- Основно образование беа планирани средства за подршка на работата и активностите на основните училишта со средства во висина од 31.780.391,00 денари. Со измените и дополнувањата на буџетот за 2021 година средствата се зголемуваат за 435.495,00 денари и ќе изнесуваат **32.215.886,00 денари** за потребите на основните училишта и реализација на програмите предвидени од Бирото за развој на образованието.Дополнителни средства се обезбедени за наставно-образовни помагала, ситен инвентар,купување на информатичка и видео опрема и купување на друга опрема.

Средствата планирани од Самофинансирачки активности се намалуваат за 1.245.600,00 денари и средствата планирани во Дотации остануваат на исто ниво.

Во колоната Донации планираните средства од 20.461.916,00 денари се намалуваат на **18.076.637,00 денари** за проекти кои нема да се реализираат заради состојбата со Ковид - 19.

***Н2- СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ***

Со измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Битола за 2021 година кај буџетските корисници од програмата Н2- Средно образование во колоната Самофинансирачки активности имаме намалување од 3.084.680,00 денари .

Блок дотациите во висина од **335.400.313,00 денари** се намалуваат за 21.000.000,00 денари врз основа на Согласноста од Владата на РСМ број 40-6334/1 од 8.06.2021 година за трансфер на средства од сметката за наменски и блок дотации и Донациите во висина од 18.836.486,00 денари ќе гласат **18.085.366,00 денари**. Извршена е прераспределна на средствата внатре на ниво на потставки.Со извршената прераспределба на средства во сметката за Дотации обезбедени се средства за реконструкција на објекти,наставно-образовни помагала, купување на информатичка и видео опрема, подготвување на проекти, купување на училишен мебел.

***НА-КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ***

Планираните средства во од програмата Н1- Основно образование од категоријата 48- капитални расходи се префлаат во програмата НА- Капитални расходи за основно образование и ќе изнесуваат **7.802.550,00 денари.**

Во сметката **Самофинансирачки активности планираните** средства од категоријата 48 капитални расходи од програмата Н1- Основно образование се префрлаат во програмата НА- Капитални расходи за основно образование и ќе изнесуваат **1.245.600,00 денари.**

Исто така и во сметката за **Донации** се врши префрлување на планираните средства од категоријата 48 – капитални расходи и ќе изнесуваат **636.600,00 денари.**

***НБ-КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ***

Во сметката **Самофинансирачки активности планираните** средства од категоријата 48 капитални расходи од програмата Н2- Средно образование се префрлаат во програмата НБ- Капитални расходи за средно образование и ќе изнесуваат **3.226.680,00 денари.**

Исто така и во сметката за **Донации** се врши префрлување на планираните средства од категоријата 48 – капитални расходи од програмата Н2- Средно образование во програма НБ- капитални расходи за средно образование и ќе изнесуваат **11.075.070,00 денари.**

***Р1-ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДА***

Во буџетот на општина Битола се планираат расходи поврзани со превземањето на мерки и активности за заштита и унапредување на животната средина кои не се во исклучива надлежност на други државни органи.

Планираните средства на Општина Битола за активности за зачувување и унапредување на здравјето, животната и работна средина, со измените и дополнувањата на буџетот на општина Битола за 2021 година **ќе изнесуваат 3.700.000,00 денари**, и направена прераспределба во рамките на средствата на ниво на потставки.

Во колоната Донации се планираат тековно-оперативните расходи од проектот Интеграција зелен транспорт и ќе изнесуваат **4.024.701,00 денари**.

***РА-ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДА( КАПИТАЛНИ РАСХОДИ)***

Програмата каде се се планираат капитални расходи поврзани со унапредување и заштита на животната средина и природа ќе се реализира со средства во висина од **11.272.125,00 денари, во оваа програма се планирани и средствата од 1.300.000,00 денари** за купување на опрема од Програмата за заштита на животната средина.
Во колоната Донации се предвидени средства за реализација на проектот Интеграција на зелен транспорт по Градовите во висина од **8.147.759,00 денари** за набавка на еко мини автобус за спортистите и учениците и помошно возило за спортистите и учениците со посебни потреби, или планираниот дел е за капиталните расходи во оваа програма.

***В1-ДЕТСКИ ГРАДИНКИ***

Детските градинки како буџетски корисници немаат измени во делот на планираните средства кај Дотации и Донации .

Во делот на Самофинансирачките активности имаме намалување од **14.202.220,00 денари,** тоа се средства кои се префрлаат во Капиталната програма ВА-Капитални расходи за детски градинки.

### *ВА- КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА ДЕТСКИ ГРАДИНКИ*

Во оваа програма планираните средства во колоната Донации за реконструкција во ЈОУДГ Мајски цвет во износ од 1.377.849,00 денари се намалуваат **на 907.805,00 денари,** со измените и дополнувањата на буџетот на општината за 2021 година.

Во оваа програма се префрлени средствата од категоријата 48-капитални расходи од програмата В1- Детски градинки во износ од **14.202.220,00 денари.**

### *В2-ДОМ ЗА СТАРИ ЛИЦА*

Домот за стари лица со измените и дополнувањата на буџетот на општината за 2021 година нема промени во планираните износи кај сметката за Дотации и остануваат на исто ниво.

Промена има во сметката Самофинансирачки активности каде планираниот износ изнесува **25.523.500,00 денари .**

### *ВБ- КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА ДОМОВИ ЗА СТАРИ ЛИЦА*

Во оваа програма се префрлаат средствата од програмата В2- Дом за стари лица од категоријата капитални расходи и ќе изнесува **2.096.500,00 денари** кај сметката Самофинансирачки активности.

### *Ђ0-ПРОТИВПОЖАРНАТА ЗАШТИТА*

Средствата од Буџетот на Општина Битола во износ од **7.176.000,00 денари** се менуваат и се предлага да гласат **6.676.000,00 денари.**

Средствата од наменска дотација од Министерство за Одбрана во износ од **17.907.000,00 денари,** наменети исклучиво за плати на вработените во ТППЕ- Битола, се предлага да останат на исто ниво.

### *ЂА-ПРОТИВПОЖАРНАТА ЗАШТИТА ( Капитални трошоци)*

Во колоната Буџет во оваа програма се планираат средствата за капитални расходи за ТТПЕ од **700.000,00 денари** за купување на опрема.

### *Џ1-РОДОВА ЕДНАКВОСТ*

Во оваа програма се планираат тековно – оперативните расходи поврзани со родовата еднаквост. Програмата е вградена во програмата за работа на КЕМ и се планираат активности во делот воведување на родовиот пристап во креирање на политики, донесување на одлуки и пристап до ресурсите на општината. Родовата еднаквост преку образование, култура, медиуми, здравство, социјална заштита, спорт и против родово основано насилство и трговија со луѓе.

Програмата се планира со измените и дополнувањата на буџетот да се реализира со средства во висина од **500.000,00 денари.**

# ПЛАН НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ

**Општината Битола во 2021 година приоритет му даде на 27 развојни проекти со измените и дополнувањата на Општина Битола за 2021 година**

| | | | Буџет |
|---|---|---|---|
| JDI | Реконструкција на улица „Илинденска“ | 18.830.186,00 | 18.830.186,00 |
| JDA | Реконструкција на дел од улица „Довлеџик“ | 15.219.247,00 | 10.630.520,00 |
| JDB | Изградба на улица „Довлеџик“ од мостот до граници на ГУП | 5.000.000,00 | 5.000.000,00 |
| JDZ | Санација на улица „Индустриска“ | 3.277.060,00 | 0 |
| JDM | Реконструкција на локален пат с.Трново-с.Магарево | 25.923.872,00 | 12.545.032,00 |
| JDS | Реконструкција на локален пат за с.Буково | 9.812.958,00 | 6.445.555,00 |
| JDN | Реконструкција на улица „Ѓорги Беќаров“ | 12.727.000,00 | 8.694.855,00 |
| JDR | Реконструкција на улица „2-ри Август“ | 2.357.970,00 | 2.357.970,00 |
| JDK | Реконструкција на улица „Булевар 1-ви Мај“ | 3.000.000,00 | 3.000.000,00 |
| JDL | Реконструкција на улица Солунска | 0 | 7.399.548,00 |
| JDV | Изградба на улица СТУ 3 во АРМ | 0 | 1.500.000,00 |
| KAB | Ревитализација на поранешен Офицерски дом | 22.324.500,00 | 12.572.930,00 |
| KAM | Партерно уредување околу Офицерски дом | 0 | 8.751.570,00 |
| KAV | Електромоторен транспортер во Офицерски дом | 0 | 1.000.000,00 |
| LAA | Реконструкција на други објекти | 93.000.000,00 | 93.000.000,00 |
| GDA | Гасификација на Општина Битола | 10.000.000,00 | 2.000.000,00 |
| VAA | Изградба на детска градинка во АРМ | 26.038.989,00 | 26.038.989,00 |
| JIK | Изградба на колекторски систем до с.Буково | 8.000.000,00 | 8.000.000,00 |
| JIM | Реконструкција на атмосферска канализациона мрежа на ул„Довлеџик“ | 3.194.186,00 | 3.194.186,00 |
| JIN | Реконструкција на фекална канализациона мрежа на ул„Довлеџик“ | 3.337.869,00 | 3.337.869,00 |
| JIA | Реконструкција на канализациона мрежа на ул„2-ри Август“ | 2.090.298,00 | 2.090.298,00 |
| JIS | Реконструкција на фекална канализација на ул Булевар 1-ви мај | 0 | 1.744.494,00 |
| JIB | Изградба на фекална канализација на ул СТУ 3 во АРМ | 0 | 1.000.000,00 |
| JIV | Изградба на атмосферска канализација на ул СТУ 3 во АРМ | 0 | 787.660,00 |
| JIL | Изградба на колектор во с. Брусник | 0 | 5.209.592,00 |
| JGA | Реконструкција на водоводна мрежа на ул„2-ри Август“ | 1.886.379,00 | 1.886.379,00 |
| JGM | Реконструкција на водоводна мрежа на ул„Булевар 1-ви Мај“ | 2.600.000,00 | 2.600.000,00 |
| JGN | Реконструкција на водоводна мрежа на ул„Довлеџик“ | 1.881.455,00 | 1.881.455,00 |
| | Вкупно | **270.501.969,00** | **251.499.088,00** |

*Изработил*
*Сектор за финансиски прашања*